ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 30-242/7**

**Дата: 14.03.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Росоман за 2009 година.

Немаме извршено ревизија ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Росоман за претходни години.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на Општина Росоман за 2009 година и за усогласеноста со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме негативно мислење.

Не се воспоставени интерни контроли во процесот на плаќање поради малиот број на вработени лица во општината, но градоначалникот не делегирал надлежности на вработените за надминување на контролните слабости. Времените и завршните ситуациите за изградба на објекти често не се потпишани од надзорен орган ниту потврдени од лице во општината.
Општина Росоман не располага со податоци за вредноста на објектите од комуналната инфраструктура кои ги гради (патишта, пречистителни станици, водоводи, канализациони мрежи и други објекти) бидејќи вложените средства не се евидентирани како инвестиции во тек. Обврските спрема добавувачите се искажани во помал износ од 3.065 илјади денари.
Состојбата на материјалните средства и нивните извори се непроменети од 2006 година, во 2009 година прв пат е извршен попис на опремата, набавените основни средства и добиените како донација во периодот од 2006 до 2009 година не се евидентирани во сметководствената евиденција, а не е извршена и проценка и не е

евидентиран и имотот доделен со решение од Владата на Република Македонија во 2000 година.
За надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки за воспоставување внатрешна контрола, евидентирање на инвестициите во тек по објекти, спроведување на годишен попис согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, евидентирање на опремата и имотот на Општината и преземање на мерки за расчистување на наследените состојби во сметководствената евиденција од 2006 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Росоман кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Росоман за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Гоце Величковски – градоначалник до 08.04.2009 година, и
- Стојанче Лазов – градоначалник од 09.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Росоман се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.12. до 29.12.2010 кај Општина Росоман на сметката на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 17.01.2011 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-242/2 од 01.02.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. Во општина Росоман не е воспоставена внатрешна контрола во процесот на плаќање, која претставува систем на финансиски и други контроли поради малиот број на вработени лица во општинската администрација. Ревизијата утврди дека:

- не се врши ликвидирање на документацијата од аспект на математичка и логичка контрола на документот;
- фактурите се некомплетни, често немаат испратници, не се потпишани од лице кое ќе потврди дека набавката е во рамки на договорените количини, цени и за потребите на општината;
- ситуациите кои се доставуваат до општината за изградба на објекти не се приложуваат во сметководството како доказ за направените трошоци, не се архивирани, често се непотпишани од надзорен инженер ниту потврдени од

лице во Општината. Општина Росоман нема лице вработено во администрацијата со квалификации во делот на градбите.

Градоначалникот не извршил делегирање на овие работни задачи на вработените со цел надминување на ризиците.

Со општина Кавадарци склучен е договор за користење услуги на внатрешен ревизор, но до периодот на вршење на ревизијата, нема извршено ревизија на работењето на Општината.

Плаќањата по документација која е непотврдена од одговорно лице без доволно поткрепувачка документација дека набавките се за потребите на Општината, создава ризик од ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства.

**Препорака**:

Градоначалникот да преземе активности согласно законските прописи и своите овластувања за воспоставување на внатрешна финасиска контрола преку делегирање на надлежности на вработените.

### 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Извршениот попис на основните средства за 2009 година не е целосен и не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници бидејќи:

- со пописот за 2009 година не се опфатени паричните средства, залихата на материјали за улично осветлување, ситниот инвентар во употреба и средства на други субјекти дадени на користење на Општината што не е во согласност со член 29 ;
- пописните листи содржат само натурални податоци, а не и парични вредности што не е во согласност со член 31;
- не е извршен попис на побарувањата и обврските според состојбите во сметководството ниту е утврдена правната основа за нивното постоење и старосната структура што не е во согласност со член 31-в;
- комисијата за попис нема изготвено извештај, не се утврдени кусоци и не е извршено усогласување со сметководствената евиденција што не е во согласност со член 33.

Погрешно проценување на состојбите на паричните средства, залихите, основните средства, побарувањата и обврските го зголемува ризикот од изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Комисијата за попис при вршење на пописот за 2010 година да изврши целосно спроведување на пописот.

### 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Општина Росоман е основач на јавно комунално претпријатие „Росоман“. Соработката меѓу општината и ЈКП не е уредена со договор со цел реализирање на обврските од член 22 точка 4 предвидени со Законот за локална самоуправа во комуналната сфера. Во 2009 година на јавното претпријатие исплатени се средства во вкупен износ од 186 илјади денари. Фактурите кои се доставени од ЈКП „Росоман“ не содржат опис на извршената работа по позиции, со изработени количини и цени, туку е наведено како завршена работа во вкупен износ. Општина Росоман не преземала активности за контрола над извршувањето на работите и над документите како потврда дека работите се извршени.
Исплатата на средства без доволно податоци за извршените работи по вид, количини и цени има за резултат зголемени трошоци и го зголемува ризикот за ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Росоман да склучи договор со јавното претпријатие со цел дефинирање на меѓусебните права и обврски, документацијата како доказ за извршените работи, надзор и потврдување на извршените работи како и утврдување на цените за извршени работи.

3.3.2. Општина Росоман од своето постоење континуирано вложува во изградба на патишта, пречистителни станици, водоводи, канализациони мрежи и други објекти. Средствата за нивна изградба се обезбедени во најголем дел од поранешниот Фонд за води, Агенцијата за неразвиени подрачја, Министерството за транспорт и врски, но и од сопствениот буџет. Општина Росоман не располага со податоци за вредноста за секој објект бидејќи не е воспоставена сметководствена евиденција на вложувањата како инвестиции во тек. Не евидентирањето на вложувањата во капитални инвестиции не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално проценување на средствата и изворите на средства во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одделението за финансирање, буџет, локален економски развој и јавни дејности да ја воспостави потребната евиденција на инвестициите во тек по објекти.

3.3.3. Позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите во билансот на состојба проценета во износ од 2,837 илјади денари е нереална и необјективна и не е усогласена ниту со податоците од главната книга, ниту со електронската база на податоци.
Како состојба на пребиени долговни и побарувачки салда искажана е во помал износ од 3.065 илјади денари што е спротивно на одредбите од Законот за

сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ревизијата утврди и двапати книжени фактури во износ од 168 илјади денари со што нереално се зголемени обврските.
Ревизијата не дава препорака по овој наод бидејќи во текот на 2010 година и во тек на вршењето на ревизија, овие салда беа расчистени поради обезбедени документи.

3.3.4. Ревизијата утврди дека проценувањето на позициите во Билансот на состојба на ден 31 декември 2009 година не е извршено согласно член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и тоа за позициите:

- Парични средства проценети во износ од 110 илјади денари;
- Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции проценети во износ од 84 илјади денари;
- Залихи во износ од 74 илјади денари, и
- Обврски спрема државата во износ од 11 илјади денари.

Проценетите состојби се нереални и необјективни бидејќи:

- состојбите во главната книга се непроменети и истите потекнуваат од пред 2006 година;
- сметководствената евиденција е преземена од страна на општинската администрација без извршено примопредавање на документацијата (до 2006 година евиденцијата се водела од страна на Подрачната единица на Министерството за финансии во Кавадарци);
- со пописот во 2009 година не се опфатени сите средства, побарувања и обврски ;
- состојбата на паричните средства од благајната (110 илјади денари) не е усогласена со состојбата од касовиот извештај од 31 декември 2009 година – нула;

3.3.5. Позициите Материјални средства проценети во износ од 201 илјади денари и Извори на капитални средства проценети во износ од 275 илјади денари се нереални и необјективни бидејќи:

- состојбите во главната книга се непроменети од пред 2006 година;
- за прв пат во 2009 година во општина Росоман е спроведен попис на опремата, но само описно, по назив на основното средство, без да биде утврдена паричната вредност на истите;
- не е извршено усогласување на состојбите на средствата утврдени со пописот со сметководствената состојба од причина што набавените основни средства и средствата добиени како донација во периодот од 2006 до 2009 година, не се евидентирани како зголемување на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства;
- недвижниот имот доделен со решение на Влада на Република Македонија од 2000 година не е сметководствено евидентиран бидејќи не е извршена

проценка на неговата вредност што не е во согласност со членовите 18 и 19 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- не е пресметана амортизација на основните средства од 2006 година.

Проценувањето на билансните позиции кои не се во согласност со одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и спроведување на пописот без целосна примена на одредбите од Правилникот има за ефект изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Одделението за финансирање, буџет, локален економски развој и јавни дејности да преземе активности за:
- да обезбеди валидна документација и да преземе мерки за расчистување на салдата кои се пренесени од 2006 година;
- опремата добиена како донација да се воведе во сметководствена евиденција врз основа на фактури од донаторот или проценка од комисија;

Градоначалникот на општината да покрене иницијатива за проценка на вредноста на имотот доделен од Владата на Република Македонија и негово евидентирање во сметководството.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Росоман - сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Росоман - сметка на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност

Ревизијата смета за неопходно да го обелодени следново:
5.1. Во текот на 2010 година од страна на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи – регионална дирекција Кавадарци извршена е контрола на деловните односи меѓу Општина Росоман и повеќе добавувачи за период од 01.01.2005 година до 12.04.2010 година за што е издаден записник 22-21/08100-

30236/3 од 04.08.2010 година.
Констатирани се значајни отстапки во исполнувањето на договорите и во извршувањето на градежните работи. За утврдување на степенот на завршените градежни работи ангажирано е вешто лице со лиценца Б.2. за вршење надзор од областа на градежништвото издадена согласно Законот за градење.
Констатираните отстапувања во договорите и градежните работи од страна на УЈП се прикажани во Прилог 1 кон овој извештај. Од страна на вештото лице утврдени се неизвршени работи, а според тоа и повеќе платени средства во износ од 9.496 илјади денари.

Скопје, 04.03.2011 година

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 12.178 | 9.961 |
| **Вкупно приходи** | | **12.178** | **9.961** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 4.356 | 3.902 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 3.143 | 3.286 |
| Субвенции и трансфери | - | 0 | 33 |
| Социјални бенефиции | 3.2.3. | 6 | 13 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.505** | **7.234** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 4.673 | 2.727 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4.673** | **2.727** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **12.178** | **9.961** |

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 110 | 110 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 84 | 84 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 2.837 | 2.255 |
| Залихи | 4.1.4. | 74 | 74 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.105** | **2.523** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 201 | 201 |
| **Вкупно постојани средства** | | **201** | **201** |
| **Вкупна актива** | | **3.306** | **2.724** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 2.837 | 1.356 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 11 | 11 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 183 | 1.082 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **3.031** | **2.449** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 275 | 275 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **275** | **275** |
| **Вкупна пасива** | | **3.306** | **2.724** |

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | капитал (залихи на материјали, | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **201** | **74** | **275** |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Расходување | | | - |
| Исправки за време ревизија | - | | - |
| Ревалоризација | | | - |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | - | | - |
| Ревалоризација | | | - |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **201** | **74** | **275** |